# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” Излегува по потреба | 30 Јануари .2007 год. Скопје Бр. 1 Год. II |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com


Скопје, Јануари 2007 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и вторaта Седница на Советот, одржана на ден 25.01.2007 година.

**Број 08-231/1**
**од 30.01.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2006) и член 139 од Деловникот на Советот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 12/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 42-та Седница одржана на ден 25.01.2007 година, донесе :

# П Р О Г Р А М А
## за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година

### I Период Јануари - Март

1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година

**Предлагач: Координативно тело**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**

2. Извештаи за работа на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров за период од Првото полугодие во учебната 2006/2007 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувачи: Основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

3. Извештај за работата на Градинката РОСИЦА во Општина Ѓорче Петров за периодот од Првото полугодие во учебната 2006/2007 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Градинка РОСИЦА во Општина Ѓорче Петров**

4. Предлог-Завршна сметка за извршување на Буџетот за 2006 година.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за финансирање и Буџет**

5. Информација за реализирани Детални урбанистички планови и проекти

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам**

6. Нацрт - Одлука за донесување на ДУП дел од УЗ Даме Груев - УБ1

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

7. Нацрт - Одлука за измени и дополнлувања на ДУП Реонски центар - УМ 1

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

**II . Период Април - Јуни**

1. Нацрт-Одлука за донесување на ДУП дел од западна индустриска зона - ул. Шарпланинска- Б1

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

**2.** Нацрт-Одлука за донесување на ДУП, дел од западна индустриска зона - ул. Шарпланинска - Б2

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

3. Нацрт - Одлука за донесување на ДУП Спортски терени - крајбрежен појас

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

4. Предлог-Одлука за доделување на Годишна награда Ѓорче Петров во 2007 година.

**Предлагач: Комисија за јавни дејности и доделување на награди и признанија**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

**III.Период Јули - Септември**

1. Извештај за инвестиционите работи на територија на Општина Ѓорче Петров за 2006 година.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам и Одделение за инвест.градба и тековно одржување**

2. Информација за состојбата околу подигањето на сметот и чистењето на депониите на територијата на Општина Ѓорче Петров со предлози за понатамошно нивно решавање.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за инвест.градба и тековно одржување**

3. Нацрт-Одлука за донесување на ДУП УЗ Дексион (дел над пруга - станбена зона)

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

4. Извештај за реализација на приходите и расходите на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година за Прво полугодие.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за финансирање и Буџет**

5. Нацрт-Одлука за донесување на ДУП УЗ Даме Груев - УБ 2

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

6. Нацрт-Одлука за донесување на ДУП зона мало стопанство.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

7. Нацрт-Одлука за донесување на дел од ДУП за УЗ Дексион - УМ1

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

8. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на ДУП Реонски Центар Ѓорче Петров - УМ 1.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

9. Предлог-Стратегија за акционен план за ЛЕР (Локален економски развој) на Општина Ѓорче Петров

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач:Одделение за локален економски развој**

**IV.Период Октомври - Декември**

1. Извештај за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров за периодод 2006/2007 год.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувачи:Основни училишта во**
**Општина Ѓорче Петров**

2. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните Програми за работа на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров за учебната 2007/2008 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувачи:Основни училишта во**
**Општина Ѓорче Петров**

3. Извештај за работа на Јавната установа - Детска градинка РОСИЦА - Скопје за периодот 2006/2007 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Јавна установа Детска гра-**
**динка РОСИЦА и**

4. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната установа Детска градинка РОСИЦА - Скопје за период 2007/2008 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Јавна установа Детска гра-**
**динка РОСИЦА и**

5. Предлог-Одлука за донесување на ДУП УЗ.Дексион-дел над пруга.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам,**
**просторно планирање и**
**заштита на животната**
**средина**

6. Предлог-Одлука за донесување на ДУП Спортски терени- крајбрежен појас

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам,**
**просторно планирање и**
**заштита на животната**
**средина**

7. Предлог-Одлука за донесување на ДУП зона мало стопанство.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

8. Предлог-Одлука за донесување на ДУП УЗ Даме Груев - УБ1.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

9. Предлог-Одлука за донесување на ДУП УЗ Дексион УМ1.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

10. Предлог-Одлука за донесување на ДУП УЗ Даме Груев - УБ2

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

11. . Предлог-Одлука за донесување на ДУП, дел од западна индустриска зона - ул. Шарпланинска- Б1

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

12. Предлог-Одлука за донесување на ДУП, дел од западна индустриска зона - ул. Шарпланинска- Б2

**Предлагач: Градоначалник**

**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

13. Извештај за реализација на Програмата за убано планирање на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2007 година.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач:Одделение за Урбанизам и Јавно претпријатие за стопанисување на јавен и деловен простор**

14. Предлог-Програма за урбано планирање на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

15. Извештај за реализација на Програмата за комунални дејности на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2007 година.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за инвест.градба и тековно одржување**

16. Предлог-Програма за комунални дејности на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за инвест.градба и тековно одржување**

17. Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Оддел. за финансирање и Буџет**

18. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Оддел. за финансирање и Буџет**

19. Прелог-Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Оддел. за финансирање и Буџет**

20. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за финансирање и Буџет и Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување и објавувањето во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-139/3**
**од 25.01.2007 година**
**С к о п ј е**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**П р е т с е д а в а ч,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Одлука за воведување на самопридонес за изградба на фекална канализација во населените места Волково, Кисела Јабука , Волково-Пржина и Стопански Двор**

Се објавува Одлуката за воведување на самопридонес за изградба на фекална канализација во населените места Волково, Кисела Јабука , Волково-Пржина и Стопански Двор, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и втората Седница на Советот, одржана на ден 25.01.2007 година.

**Број 08-231/2**
**од 30.01.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 7, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/08) член 36 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) член 41 став 2 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните (Службен весник на РМ бр. 81/05) и член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), а согласно Одлуката на граѓаните донесена на Референдумот на ден 21.01.2007 година, за учество со сопствени средства во изградбата на фекалната канализација, Советот на Општина Ѓорче Петров на 42-та седница одржана на ден 25.01.2007 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за воведување на самопридонес за изградба на фекална канализација во населените места: Волково, Волково-Пржина, Ново Село, Кисела Јабука и Стопански Двор

### Член 1

Се воведува самопридонес за изградба на фекална канализација за жителите во населените места:Волково, Волково-Пржина, Ново Село, Кисела Јабука и Стопански Двор, како и граѓаните кои што имаат сопствени објекти во напред наведените населени места.

### Член 2

Самопридонесот се воведува за период од една година, односно од 01.02. 2007 до 01.02.2008 година.

### Член 3

Од самопридонесот на граѓаните се очекува да се соберат околу 1.000.000 евра, односно 61.000.000 денари во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ.

### Член 4

Обврзници за уплата на самопридонесот за изградба на фекалната канализација се сите жители на населените места Волково, Волково-Пржина, Ново Село, Кисела Јабука и Стопански Двор, како и сите граѓани кои не се жители на овие населени места, а во овие населени места имаат сопствени стамбени и деловни објекти.

### Член 5

Висината на самопридонесот во I фаза на реализација, што ќе зависи од странските и домашните донатори, Градот Скопје и Владата на РМ, изнесува 500 евра по објект во денарска противредност по среден курс на Народна банка на РМ.

Уплатата на самопридонесот од граѓаните ќе се врши еднократно или на 10 еднакви месечни рати на наменска жиро сметка за Самопридонес што ќе биде отворена во Министерството за финансии - Сектор - Трезор.

Висината на месечната рата изнесува 50 евра во денарска противвредност по среден курс на НБМ на денот на уплатата.

**Член 6**

Надзорот над наменското користење на средствата од Самопридонесот ќе го врши Надзорен одбор во чиј состав ќе влезат претставници од месното население.

Надзорниот одбор со Одлука ќе го именува Советот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Граѓаните кои нема да го искористат правото на плаќање на рати, при приклучокот се должни целиот износ да го уплатат наеднаш.

**Член 8**

Граѓаните кои што нема да го уплатат износот за самопридонес предвиден во член 5 од оваа Одлука, нема да имаат право на приклучок на канализациона мрежа, а наплатата ќе се врши по судски пат.

Надзорот над приклучувањето ќе го врши ЈП Водовод и Канализација и Општинската администрација.

**Член 9**

Надлежен за спроведување на оваа Одлука ќе биде Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 10**

Одлуката стапува во сила веднаш по објавувањето во Службен Глалсник на Општина Ѓорче Петров, а ќе се применува од 01.02.2007 година.

**Број 07-139/4**
**од 25.01.2007 год.**
**С к о п ј е**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**П р е т с е д а в а ч,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за отварање на жиро-сметка за средства од самопридонес за изградба на фекална канализација**

Се објавува Одлуката за отварање на жиро-сметка за средства од самопридонес за изградба на фекална канализација , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и втората Седница на Советот, одржана на ден 25.01.2007 година.

**Број 08-231/3**
**од 30.01.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2006) и член 5 од Одлуката за воведување на самопридонес за населените места Волково, Волково-Пржина, Ново Село, Кисела Јабука и Стопански Двор година број 07-139/4 од 25.01.2005 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 42-та седница одржана на ден 25.01.2007 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за отварање на жиро-сметка за**
**средствата од Самопридонесот**
**за изградба на фекална канализација**

**Член 1**

Се отвара наменска жиро-сметка за средствата од Самопридонесот на граѓаните за изградба на фекална канализација за населените места: Волково, Волково-Пржина, Ново Село, Кисела Јабука и Стопански Двор.

**Член 2**

На оваа жиро-сметка ќе се собираат приходи по основ на самопридонес од месното население.

Од оваа жиро-сметка ќе се врши и исплата за изградба на фекалната канализација.

**Член 3**

Овластен потписник на жиро-сметката ќе биде Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 4**

Административните и стручните работи ќе ги врши Одделението за финансирање и Буџет на Општина Ѓорче Петров.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила веднаш по објавување во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-139/5**
**Од 25.01.2007 год.**
**С к о п ј е**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**П р е т с е д а в а ч,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Записник од Општинската изборна комисија Ѓорче Петров за спроведување на Референдумот и сумирање на резултатот**

Се објавува Записникот од Општинската изборна комисија Ѓорче Петров за спроведување на Референдумот одржан на ден 21.01.2007 година за воведување на самопридонес за изградба на фекална канализација во населените места:Волково, Волково-Пржина, Ново Село, Кисела Јабука и Стопански Двор и сумирање на резултатот, усвоен од страна на Општинската изборна комисија Ѓорче Петров.

**Број 08-231/4**
**од 30.01.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

**Образец 5**
**(член 51 и 52)**

# ЗАПИСНИК
## од Општинската изборна комисија Ѓорче Петров за спроведување на Референдумот и сумирање на резултатот

Општинската изборна комисија Ѓорче Петров во состав:

Претседател Елена Марковиќ

Членови: 1. Бранко Трајчевски
2. Лазо Наумоски
3. Љупчо Ѓорѓиевски
4. Драгана Радојчиќ

Општинската изборна комисија Ѓорче Петров, на 21 јануари 2007 година, до **19** часот ги прими записниците од гласањето на Референдумот и целокупниот гласачки материјал од следните избирачки места:2587, 2588,2589.2590.2591.

Општинската изборна комисија со увид во записниците утврди дека:

1) Во изводот од Избирачкиот список за овие гласачки места вкупно се запишани **5.117** избирачи.

2) Согласно резултатите од записниците, гласале вкупно **3.194** гласачи, односно **62,42 %** од вкупно запишаните избирачи.

3) Неупотребени се вкупно **1.923** гласачки ливчиња.

4) Важечки гласачки ливчиња имало вкупно **3184**.

5) Неважечки гласачки ливчиња имало вкупно **10** .

6) „**ЗА**“ гласале вкупно **3.126** , односно **98,2 %.**

7) „**ПРОТИВ**“ гласале вкупно **58**, односно **1,8 %.**

Според сумирањето на гласовите, Општинската изборна комисија Ѓорче Петров го констатира следниот резултат:

1. На Референдумот гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во Избирачкиот список за избирачките места 2587,2588,2589,2590 и 2591.

2. На Референдумот мнозинството од граѓаните кои гласале, го дале својот глас „ЗА“ и според член 41 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, позитивно се изјасниле за прашањето:
**„Дали сте согласни да учествувате со сопствени средства во изградбата на фекалната канализациона мрежа во Вашето населено место“.**

3. Општинската изборна комисија Ѓорче Петров во рок определен со член 58 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните утврдува и објавува дека Референдумот е спроведен во согласност со закон, а на референдумското прашање граѓаните се изјасниле **„ЗА“.**

во Скопје

21 јануари 2007 година

**Општинска изборна комисија**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**Елена Марковиќ с.р**

`

**м. п.**

Членови на Општинската изборна комисија:

1. Бранко Трајчевски с.р
2. Лазо Наумоски с.р
3. Љупчо Ѓорѓиевски с.р
4. Драгана Радојчиќ с.р

Доколку некој од членовите на Општинската изборна комисија не го потпише записникот, претседателот на Општинската изборна комисија треба да ги наведе причините за не потпишување на записникот од членот на комисијата :
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

# Содржина

## Општина Ѓорче Петров

1. **Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 2**

2. **Одлука за воведување на самопридонес за изградба на фекална канализација во населените места Волково, Кисела Јабука , Волково-Пржина и Стопански Двор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 11**

3. **Одлука за отварање на жиро-сметка за средства од самопридонес за изградба на фекална канализација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.14**

4. **Записник од Општинската изборна комисија Ѓорче Петров за спроведување на Референдумот и сумирање на резултатот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 16**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи
и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци